У-6 бр.288/2024

# ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Ана Герасимовска - како судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот Адвокат Александар Михајлоски од Скопје, поднесена против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-202 од 22.07.2024 година, за пристап до информации од јавен карактер, на 18.12.2024 година, согласно член 59 став 1 в.в. со член 38 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови ја донесе следната:

## I
## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Адвокат Александар Михајлоски од Скопје, поднесена против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-202 од 22.07.2024 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## II
## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-202 од 22.07.2024 година, се отфрла жалбата на Александар Михајлоски, адвокат од Адвокатско друштво Михајлоски и Поповска од Скопје, поднесена против Министерството за животна дредина и просторно планирање, заведена во архивата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информацииите од јавен карактер под бр.08-202 на 22.07.2024 година, како недопуштена.

Незадоволен од одговорот на тужениот орган, тужителот поведе управен спор со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи, поради погрешно примена на материјалното право. Во тужбата наведува дека тужениот не ги применил правилно член 2 став 1 и член 4 став 1 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, кога заклучил дека тужителот спротивно на законските одредби побарал да му биде обезбеден пристап и отвореност до информации од јавен карактер кај соодветниот имател на информациите. Со ваквото постапување, тужителот истакнува дека тужениот орган ги повредил и одредбите од Законот за општата управна постапка со што донел и неправилна одлука. Понатаму, истакнува дека имателот на информацијата во законски определен рок не одговорил на барањето ниту допнел решение за делосно или делумно одбивање на барањето, кога видно е – маил може да се утврди дека истиот располагал со бараните информации и делумно му ги доставил на тужителот. Предвид наведеното смета дека тужениот орган погрешно утврдил дека тужителот го занемарува јавниот интерес регулиран во член 3 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кога дописите од 29.05.2024 година и 27.06.2024 година се доставени токму со цел да се оствари јавниот интерес и да се добијат јавни информации. Со ваквото постапување на органите тужителот истакнува дека сторена е повреда на член 56 став 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Тужениот орган во одговор на тужбата, ги достави списите по предметот и остана кон наводите на оспореното решение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган, судот уредно го достави до полномошникот на тужителот меѓутоа, истиот не се произнесе.

Управниот суд го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите на предметот произлегува дека сега тужителот Адвокат Александар Михајлоски од Скопје, на ден 29.05.2024 година до Министерството за животна средина и просторно планирање поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер и побарал од имателот информаци да му се достават сите докази кои биле доставени во прилог на заедничко барање до Друштвото за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЕКО ЕНЕРЏИ СИСТЕМ ДОО Скопје – Подружница Кавадарци и Друштвото за проектирање, производство, инженеринг и трговија ЦСС – СОЛУТИОНС ДОО Скопје, за донесување на Решение на Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина – Сектор за индустриско загадување и управување со ризик бр.1742/2 од 17.05.2024 година.

Во врска со поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Министерството за животна средина и просторно планирање на барателот му одговорил по електронски пат на 17.06.2024 година давајќи му дел од бараните документи. Понатаму, на ден 18.06.2024 година барателот, сега тужителот, по електронски пат побарал од Министерството за животна средина и просторно планирање да му бидат доставени и останатите документи.

Од причина што не биле доставени сите документи, сега тужителот одново поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер заведен во Министерството на ден 27.06.2024 година, на кое Миснистерството електронски го известило тужителот дека целосната документација е проследена до Државната комисија за одлучување во управна постапка од пработен однос, вклучувајќи ја и жалбата доставена против Решението Арх.бр.1742/4 од 17.05.2024 година.

Незадоволен од ваквниот одговор сега тужителот изјавил жалба до тужениот орган, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која постапувајќи по истата го донел сега оспореното Решение бр.08-202 од 22.07.2024 година.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение, не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 3 став 1 од Законот за управните спорови ("Службен веснсик на Република Северна Македонија" број 96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 2 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Според став 2 на истиот член, Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: - „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно член 26 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Во конкретниот случај, видно од списите во предметот и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека тужениот орган правилно со оспореното решение ја отфрлил како недопуштена жалбата на сега тужителот, утврдувајќи дека предметните барања на барателот, поднесени до Министерството за животна средина и просторно планирање на 29.05.2024 година и 27.06.2024 година, не претставуваат барања за пристап до информации од јавне карактер, туку станува збор за барања од надлежност на Министерството, кое било должно да постапи согласно своите надлежности, а кои произлегуваат од материјалните закони по кои работи Министерството.

Имено, целата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и улогата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, е на физичките и правните лица да им овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, а нема за цел преку поднесување на барање за пристап на информации од јавен карактер, барателите на информациите да остваруваат лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки како во конкретниот случај или пак дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи или други акти, за кои се во тек или врз основа на бараните податоци да поведат постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го оставрува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парнична постапка и други материјални законски и подзаконски акти, како на пример судски деловник.

Оттука, по наоѓање на овој суд, тужениот орган основано утврдил дека адвокатите доказите за водење на судска или управна постапка во име и за сметка на своите клиенти треба да ги обезбедуваат преку примена на горенаведените материјални закони, а не преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој има за цел остварување на интересот на пошироката заеница како целина.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во тужбата меѓутоа, истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинкаво

одлучување од причини што целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019") и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/2020), е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и да обезбедат јавност, отвореност и транспарентност во работењето на органите што е од општ интерес, а не негова неоснована и несоодветна примена со цел преку поднесување на барања за пристап на информации од јавен карактер, да се прибават докази за водење на судски постапки.

Управниот суд ја донесе оваа Пресуда без одржување на јавна расправа, согласно член 38 став 1 точка 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија"бр.96/2019), со оглед дека во конкретниот случај Управниот суд ја оценуваше правилната примена на материјалното право, односно дали од страна на тужениот орган правилно се применети одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер при донесување на оспорениот акт.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот одлучи барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката, да го одбие како неосновано.

Одлучено во Управен суд на 18.12.2024 година, под У-6.бр.288/2024.

Судија
Ана Герасимовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, вкупно износ од 880,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2

Одлуката да се достави на:
- тужител
- тужен орган

Република Северна Македонија
Управен суд
Скопје

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4

Судија
Ана Герасимовска

МЃ/